Бр. 02-79/14
30.01.2024 год.

Врз основа на член 19, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 точка 10 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип на седницата одржана на 30.01.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

за именување на в.д.Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип

**Член 1**

За вршител на должноста Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип се именува ЉУПЧО БЛАГОЕВСКИ, дипломиран машински инженер, со завршена ВСС.

Вршителот на должноста Директор стапува на функцијата сметано од 01.02.2024 година.

**Член 2**

Вршителот на должноста Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип се именува до изборот на Директор на Јавното претпријатие по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци сметано од 01.02.2024 година.

**Член 3**

Претседателот на Управен одбор и Вршителот на должноста Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип ќе склучат менаџерски договор, со кој се регулираат правата и обврските на договорните страни.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

Согласно член 19 точка 10, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип на седницата одржана на 27.12.2023 година донесе Одлука за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип и формира комисија која ке ги прегледа пристигнатите документи по конкурсот.

Јавниот конкурс на 03.01.2024 година се објави во "Нова Македонија" и "Слободен печат" дневни весници на македонски јазик и во "Коха" дневен весник на албански јазик.

Комисијата формирана од Управен одбор со Одлуката бр.02-961/42 од 27.12.2023 година, со записник констатира дека по распишаниот јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип во оставениот рок нема пристигнато ниту една пријава.

Во член 19-а став 4 од Законот за јавните претпријатија е регулирано дека ако по распишаниот јавен конкурс не се избере директор, Управниот одбор именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

Согласно горенаведеново, а во врска со член 19, член 19-а став 5 и член 23 од Законот за јавните претпријатија, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип одлучи како во диспозитивот.

Пробиштип
30.01.2024

Претседател на Управен одбор на ЈП
ХС Злетовица Пробиштип
Киро Кировски